Кенет Е. Хегин

# ВО НЕГО

## Прв дел

# ОНА ШТО ГО ИСПОВЕДАМЕ ВЛАДЕЕ СО НАС

Постои еден духовен закон што малкумина од нас го сфаќаат, и тој гласи, „Она што го исповедаме владее со нас“. Кога го употребуваме зборот *исповед*, луѓето инстинктивно мислат на исповедање на гревовите. А Библијата навистина вели, „*Ако ги исповедаме гревовите свои, Тој е верен и праведен за да ни ги прости гревовите и да нè исчисти од секаква неправда*“, (1 Јован 1:9). Меѓутоа, тоа е негативната страна на исповедта. Библијата зборува многу повеќе за позитивната страна — исповедањето на нашата вера.

### РИМЈАНИТЕ 10:9–10

„Зашто, ако со устата исповедаш дека Исус е Господ и во срцето свое поверуваш

дека Бог Го воскресна од мртвите, ќе се спасиш. Бидејќи со срцето се верува за оправдание, а со устата се исповеда за спасение. Зашто со срце човекот верува во праведност; и со устата се исповеда за спасение“.

Ова не се однесува на исповед на гревовите. Ова е исповед на Исус. Човекот во своето срце верува, а со устата исповеда дека Исус е негов Господ.

## ИЗРЕКИ 6:2

„Ти си се врзал со зборовите на устата своја, фатен си со зборовите на својата уста“.

Тоа што го кажуваме е нашата исповед. И нашите исповеди, зборовите што ги кажуваме, владеат со нас. Исус вели така.

## МАРКО 11:23

„Зашто, вистина ви велам ако некој ѝ рече на оваа планина: ‘Дигни се и фрли се в море!’ и не се посомнева во срцето свое, туку поверува дека ќе биде како што

рекол, ќе му се исполни, што и да каже“.

Малку повеќе да размислиме за овие зборови на Исус, *„Ако некој рече . . . и не се посомнева во своето срце, туку поверува дека ќе биде како што рекол, ќе му се исполни, што и да каже.“*

Дали Исус знаел за што зборува? Или ова се само зборови на некој неодговорен мечтател? Не! Ова не се зборови на мечтател! Исус го мислел токму она што го рекол. И што рекол дека ќе имате? Ќе го имате *она што ќе го кажете*.

Ако навистина верувате за нешто во вашето срце, позитивно или негативно, и го изговарате со вашата уста, навистина ќе го имате. Исус вели така. Човек *секогаш верува со срцето, а со устата исповеда* за сè што добива до Бог.

Забележете како овие две фрази од Божјото Слово го кажуваат истото со различни зборови, „*Со устата се исповеда . ..*“, (Римјаните 10:10), и „*Ќе му се исполни што и да каже*“, (Марко 11:23).

**ЕВРЕИТЕ 4:14**

„Имајќи го големиот Првосвештеник Кој преминал преку небесата, Исус, Синот Божји, ние треба да се држиме за исповедувањето на верата“.

Истиот грчки збор преведен како исповед се употребува и во современите преводи. „Да се држиме за исповедувањето на верата“. Ова се зборови упатени до христијани. За кое исповедање треба цврсто да се држиме, односно да го одржуваме? Тоа е исповедањето на нашата вера во Господ Исус Христос - исповедање на нашата вера во Бог, нашиот Небесен Татко и исповедање на нашата вера во Божјото Слово.

Мнозинството христијани, иако искрени, се слаби. Тоа е затоа што никогаш не се осмелиле навистина да го исповедаат она што Божјото Слово го вели за нив. Тие никогаш не се осмелиле да признаат дека се она што Библијата вели дека се - дека се онакви какви што Библијата вели дека

се, и дека го имаат она што Библијата вели дека го имаат.

Всушност, многумина се држат за погрешната исповед наместо да се држат цврсто за вистината. Погрешната исповед е исповед на пораз, неуспех и надмоќ на сатаната. Тие секогаш зборуваат за тоа што им прави ѓаволот, каква битка водат, низ сѐ што поминуваат, како ѓаволот ги спречува да успеат, ги држи болни, ги држи во ропство. И сѐ додека зборуваат така, според она што го вели Исус, тоа и ќе го имаат.

Знам дека луѓето не би го правеле тоа ако навистина знаат што прават, но тој вид исповед е несвесна изјава дека Бог, нашиот Небесен Татко, е поразен.

Бог не е поразен. Поразот не е од Бог. Кога зборувате за пораз, зборувате за делата на ѓаволот. Бог никогаш не планирал црквата да биде поразена. Тој вели дека портите на пеколот нема да ја надвладеат црквата! (Видете Матеј 16:18).

## Верата бара изразување и сведоштво

Сведоштвото е дел од животот според вера. Ако сакате да развиете цврста вера, тогаш постојано зборувајте за она што го прави Бог за вас. Колку повеќе зборувате за тоа, толку Тој станува пореален за вас. Кога зборувате помалку за тоа, тогаш нештата ќе бидат помалку реални.

Верата е како љубовта. Таа е од срцето, духот. И како љубовта, таа живее и ја наоѓа својата радост во нејзиното постојано исповедање. Природно, колку повеќе мажот и жената си ја исповедаат љубовта еден на друг, толку повеќе таа расте.

Ако внимателно го анализирате животот на Исус, ќе забележите дека од почетокот на Неговата јавна служба, па сè до крстот, Тој секогаш зборува за тоа КОЈ Е ТОЈ, ШТО Е ТОЈ и за НЕГОВАТА МИСИЈА ВО ЖИВОТОТ.

На пример, Тој вели, „*Излегов од Отецот и дојдов во светот; сега пак го оставам*

*светот и се враќам кај Отецот*“, (Јован 16:28). Ова било четирикратна исповед. Го опфаќа Неговиот живот од отелотворувањето до вознесението.

Една од најхрабрите изјави што Исус ги кажал е следнава, „*Кој Ме видел Мене, Го видел Отецот*“, (Јован 14:9). Каква смела исповед! „Ако сакате да го видите Таткото, погледнете во Мене“. Во Јован 12 е запишано, „*Кој Ме гледа мене, Го гледа Оној Кој Ме пратил. Јас – Светлина – дојдов во светот, така што никој, кој верува во Мене, да не остане во темнина*“.

Да повторам. Исус постојано зборувал за тоа КОЈ Е ТОЈ, ШТО Е ТОЈ и за НЕГОВАТА МИСИЈА ВО ЖИВОТОТ.

„Да“, можеби ќе рече некој, „но станува збор за Исус“. Знам. А Библијата учи дека Исус ни оставил пример и дека треба да ги следиме Неговите чекори. Треба постојано да исповедате кои сте. Секако, овде не мислам на тоа кои сте вие физички: син или ќерка на Јован Петровски, со адреса на таа и таа улица.

Не! Но, кои сте вие според Божјото Слово. Тоа е исповедта за која треба цврсто да се држиме.

**1 ЈОВАН 3:1-2**

„Гледајте колку голема љубов ни дал Отецот – да бидеме наречени чеда Божји... Возљубени, сега сме чеда Божји!“

**РИМЈАНИТЕ 8:14, 16-17**

„Сите оние што се управуваат по Духот Божји, се синови Божји.... Самиот Дух му сведочи на нашиот дух дека ние сме чеда Божји. А ако сме, пак, чеда, ние сме и наследници: наследници на Бога и сонаследници Христови“.

Ние сме Божји деца! Божји синови! Ние сме Божји наследници, сонаследници Христови! Ние со радост го исповедаме нашиот однос со Бог. И на кој начин сме поврзани со Него? Ние сме родени од Бог. Божји деца. Тој е наш Татко. Ние сме Негови деца. Ние смело го заземаме своето место како Божји синови и ќерки и исповедаме кои сме!

## Дознајте што вели Божјото Слово за вас и исповедајте го тоа

Луѓето често ме прашуваат како да ја проучуваат Библијата. Иако имам многу предлози, еве што најчесто ги советувам каде и да одам.

Како христијанин, како верници, читајте го Новиот завет, првенствено посланијата. (Посланијата се писма напишани до вас верните. Тие се напишани до црквата). Додека читате, барајте ги сите изрази како што се: „во Христос“, „во Него“, „во Кого“ „преку Кого“ и така натаму. Со боици подвлечете ги овие изрази. Постојат приближно 140 такви изрази, повеќето од нив во посланијата. Сепак, некои од нив не зборуваат за нешто што го имате „во Христос“. На пример, поздравот на Павле во едно послание е, „Ве поздравувам во името на Господ Исус Христос“. Тука го има изразот „во Христос“, но не зборува за нешто што е ваше затоа што сте „во Христос“.

Ќе најдете и други стихови кои ја пренесуваат истата порака, но не ги користат конкретните фрази, „*во Него*“ итн. Сепак, тие ви кажуваат *кои сте*, *што сте* или *што имате* бидејќи сте „*во Христос*“.

Сега, кога ќе ги најдете овие стихови, запишете ги. Потоа размислувајте за нив. Почнете да ги исповедате. Почнете да изговарате со вашата уста, „Ова сум јас, тоа сум јас и тоа е мое во Христос“.

Зашто, знаете, исповедите на верата создаваат реалност. Што се однесува до Бог, сѐ што сте или имате „во Христос“ е сигурна работа. Тој го овозможил тоа. Сѐ што вели Библијата дека е наше, легално е наше. Библијата е правен документ, запечатен со крвта на Исус. Сепак, вашата вера и вашата исповед ги прави тие нешта реалност. Бог сака да уживаме и да ја искусиме реалноста на она што Тој ни го обезбедил, а Неговото Слово ни кажува како се доаѓа до тоа!

Како пример, гледаме дека Бог ни обезбедил новораѓање. И Неговото Слово ни кажува како тоа дадено спасение станува реално за нас. Иако понекогаш зборуваме вака, „Господ го спаси тој и тој синоќа“, знаеме дека од Божја гледна точка Тој не ја спасил таа личност претходната вечер. Тој ја спасил таа личност кога Исус воскреснал од мртвите. Човекот „синоќа“ го прифатил своето спасение и откупување што го обезбедил Бог речиси 2.000 години пред да стане тоа реалност за него.

**ЕВРЕИТЕ 9:12**

„Ниту со крв козја и телешка, туку со Својата крв влезе во светилиштето еднаш засекогаш и изврши вечен откуп“.

Исус никогаш повеќе не мора да го прави тоа. Тој веќе го сторил. Тој се погрижил за сѐ што е потребно. Римјаните 10:10 ни кажува како да ја искусиме реалноста на спасението во нашите животи.

**РИМЈАНИТЕ 10:10**

„Бидејќи со срцето се верува за оправдание, а со устата се исповеда за спасение“.

Човекот секогаш верува со срцето, и со својата уста ја кажува својата исповед. Кога верувате за нешто во своето срце и го исповедате со устата, тогаш тоа се остварува во вашите животи. Исповедта со вера создава реалност.

Додека читате некои од стиховите како „во Христос“, „во Него“, „во Кого“ и така натаму, тие нема да ви изгледаат реално. Можеби нема да изгледа дека навистина го имате она што овие стихови велат дека го имате *во Него*. Но, ако почнете да исповедате со својата уста затоа што во срцето верувате во Божјото Слово, „Ова е мое. Ова сум јас. Ова го имам“, тогаш тоа ќе ви стане реалност. Тоа е веќе реално во духовниот свет. Но, ние сакаме тоа да стане реално во физичкиот свет каде што живееме во телото.

Затоа, не заборавајте кога ќе ги пронајдете тие стихови:

1. Да ги обележете.
2. Да ги запишете.
3. Да размислувате за нив.
4. Да ги исповедате.
5. Да ги повторувате.

# ВТОР ДЕЛ
# НОВАТА РЕАЛНОСТ ВО НЕГО

## Големата исповед

**РИМЈАНИТЕ 10:9–10**

„Зашто, ако со устата исповедаш дека Исус е Господ и во срцето свое поверуваш дека Бог го воскресна од мртвите, ќе се спасиш. Бидејќи со срцето се верува за оправдание, а со устата се исповеда за спасение. Зашто со срце човекот верува во праведност; и со устата се исповеда за спасение“.

*Исповед: Верувам во моето срце дека Исус Христос е Божји Син. Верувам дека Тој воскресна од мртвите за мое оправдување. Исповедам дека Тој е мој Господ и Спасител. Исус е мојот Господ. Тој владее со мојот живот. Тој ме води. Тој ме насочува.*

Се разбира, прво нешто што треба да

направиме е да го исповедаме Исус како наш Господ. Да се биде newороден, да се стане Божјо дете, е клучот што ни ги отклучува сите Божји ризници и ветувања.

Оваа исповед го менува нашето господарство. Ја дефинира нашата позиција. Исповедањето на владеењето на Исус во нашиот живот нè става веднаш под грижата и заштитата на Господ Исус Христос. Тој е нашиот Пастир. Го исповедавме како Господ за да можеме да одиме чекор понатаму и да го исповедаме како Пастир. Псалм 23 сега ни припаѓа нам. Исус рекол, „*Јас сум добриот пастир*“, (Јован 10:14).

Понекогаш кога се будам наутро ги исповедам следните вистини, „Господ е мојот Пастир, ништо не ми недостига. Не ми недостига способност. Не ми недостига сила. Не ми недостигаат финансии. Ништо не ми недостига. Господ е мојот Пастир“.

**ДЕЛА 17:28**

„Зашто ние преку Него живееме, се движиме и постоиме“.

Исповед: Во Него живеам, се движам и постојам! Какво огромно складиште на моќ! Во Христос мојот Спасител и Господ имам живот! Енергија! Сила за невозможните задачи!

**JОВАН 15:5, 7**

„Јас сум лозата, а вие лозинките... Ако останете во Мене, и зборовите Мои во вас, тогаш, што и да посакате, барајте и ќе ви биде“.

*Исповед: Престојувам во Него. Живеам во Него. Тој е лозата, а јас сум лозинката. Лозата е во лозинката, а лозинката е во лозата. Неговиот живот, Божјиот живот, е во мене. Неговата природа, природата на љубовта, е во мене. Исто како што крвта тече низ моето природно тело, Неговиот живот тече низ мојот внатрешен човек. Давам дозвола тој живот да владее во мене.*

Кога некој ќе се новороди, тој доаѓа во Христос. Тоа е единствениот начин да бидете „во Него“. Но, Исус исто така вели, „Ако Моите зборови престојуваат во вас“. Престојуваат значи да живеат. Неговото Слово живее во мене онолку колку што јас го практикувам. Многу христијани се новородени и во Него, но Неговото Слово не престојува во нив. Затоа молитвата не функционира за нив. Словото останува во мене онолку колку што го практикувам. Може да го запомнам, да го цитирам, па дури и да го проповедам, без да живее во мене. Тој Збор живее во мене само онолку колку што јас го практикувам. Му дозволувам на тоа Слово да има слободен тек во мене, да ме учи, да управува со мене, да владее со мене. Дозволувам пораката од тоа Слово да го заземе местото во мојот живот што би му го отстапил на Христос кога Тој би бил овде во тело.

## 2 КОРИНЌАНИТЕ 5:17

„И така, кој е ВО ХРИСТОС, тој е ново создание; старото помина, и ете, се создаде новото“.

Исповед: *Јас сум нов човек во Христос Исус. Јас сум ново создание со Божјиот живот, со Божјата природа и со Божјата сила во мене.*

Христијанинот не се поправа како некој кауч. Тој е ново создание. Не зборуваме за поправено создание. Ново, нешто што никогаш порано не постоело. Еден друг превод вели, „Тој е нов вид“.

Христијанинот, при новото раѓање, нема ново физичко тело, иако еден ден ќе има. Ново создание се мисли на внатрешниот човек. Стариот човек што порано бил таму го нема повеќе. Внатрешниот човек е вашиот вистинскиот човек. (Видете 2 Коринќаните 4:16.) А внатрешниот човек, вистинскиот човек, е ново создание. Тој го добива самиот живот и природата на Бог. Држете се цврсто за исповедта дека сте

ново создание. Тогаш новиот човек однатре ќе се манифестира надворешно преку телото. Научете да му дозволите овој нов човек однатре да доминира над надворешниот човек.

Бог го гледа тој нов човек во Христос кога нѐ гледа. И ние изгледаме многу подобро во Христос отколку надвор од Него. Ние не можеме да се видиме во Христос. Ние се гледаме физички или во природниот свет, но Бог нѐ гледа *во Него*!

**ЕФЕШАНИТЕ 2:10**

„Зашто ние сме Негова творба, создадени во Христос Исус“.

Исповед: *Јас сум Негова творба. Тој ме направи ново создание.*

Ние не се направивме сами нови созданија, Тој нѐ направи. Ние сме Негова творба. И подобро бидете внимателен како зборувате за Неговата творба. Бидете внимателни да го зборувате истото за Неговата творба што Тој го

зборува во Неговото Слово. Внимавајте да не го навредувате или исмевате Бог велејќи, „Ох, јас сум толку сиромашен, слаб и недостоен. Никогаш нема да биде ништо од мене“. Тој не ве направил такво ново создание. Тој ве направил достојно ново создание. Тој ве направил ново создание кое може да стои во Неговото присуство како никогаш да не сте направиле грев. Тој ве создал како праведно, ново создание. Почнете да исповедате кои всушност сте, наместо кои мислите дека сте.

## 2 КОРИНЌАНИТЕ 5:21

„Зашто Оној, Кој не знаеше грев, Бог за нас Го направи грев, та преку Него да станеме праведност Божја“.

Исповед: *Јас сум Божјата праведност во Христа. Мојата положба со Бога е сигурна. Моите молитви имаат голема сила.* (Видете Јаков 5:16).

Ние бестрашно изјавуваме дека Бог нè оправдал. Ние не се оправдавме сами.

Бог го направи тоа. Праведност значи да се биде во добар однос со Бог. Исус, Кој е праведен, стана наша праведност. Затоа можеме да стоиме во Божјото присуство како никогаш да не сме згрешиле. Можеме да застанеме во Божјо присуство без чувство на осуда или комплекс на духовна инфериорност.

**РИМЈАНИТЕ 8:1**

„И сега нема никаква осуда за оние кои се во ИСУС ХРИСТОС“.

Исповед: *Бидејќи сум во Христос Исус, СЕГА, сегашно време, нема осуда за мене.*

## 1 КОРИНЌАНИТЕ 1:30

„Од Него сте и вие во Исус Христос, Кој за нас стана мудрост од Бога, и праведност, и осветување, и откуп“.

Исповед: Исус Христос, мојот Господ, е моја мудрост. Тој е моја праведност. Тој е мое осветување. Тој е мој откуп.

**РИМЈАНИТЕ 5:17**

„Бидејќи, доколку со престапувањето на еден завладеала смртта преку едниот, дотолку повеќе оние, што го примија изобилието на благодатта и дарот на праведноста, ќе царуваат во животот преку еден – Исус Христос“.

Исповед: *Добив изобилство на благодат и дар на праведност. Јас царувам како цар во мојата област во овој живот преку Исус Христос.*

Динамичниот превод на овој стих гласи, *„Царувајте како цареви во животот преку еден - Човекот Исус Христос*“. Каде ќе царуваме како цареви? Во животот. Во овој живот. Како? Преку Исус Христос. Павле ја употребил оваа илустрација затоа што во негово време имало цареви. Во тие денови, царот владеел над неговата област или царство. Неговиот збор бил последен. Што и да кажел било последен збор. Тој владеел. А, Словото вели дека ќе царуваме во животот преку Христос Исус.

# Во Кого имаме откуп

## КОЛОШАНИТЕ 1:13-14

„Нѐ избави од власта на темнината и нѐ воведе во царството на Својот возљубен Син. Во Кого имаме откуп; и простување на гревовите“.

## ЕФЕШАНИТЕ 1:7

„ВО КОГО имаме откуп преку Неговата крв, простување на гревовите по богатството на Неговата благодат“.

„Во кого имаме откуп.. “ Колку можеме да бидеме благодарни што не треба да се обидуваме да платиме за откупот. Веќе го имаме! Сега сме избавени од власта на темнината, од моќта на сатаната. Преку новото раѓање сме избавени од царството на темнината и пренесени во царството на Неговиот возљубен Син. Можеме да го победиме ѓаволот без разлика каде ќе го сретнеме или со какво испитување ќе се соочиме. Владеењето на сатаната е завршено во нашиот живот, а Исусовото

владеење започна во моментот кога го прифативме Исус како Господ и се новородивме. Галатите 3:13 ни кажува дека, „*Христос нѐ откупи од проклетството на Законот, откако поради нас стана проклетство, бидејќи е напишано: ‘Секој да е проклет што виси на дрво!’*“ Ние сме откупени од проклетството на Законот! Кое е проклетството на Законот? Прочитајте ги првите пет книги од Библијата и видете, особено последната половина од 28-то поглавје од Повторени закони. Во Христос, ние сме откупени од проклетството на Законот, кое е трикратно: сиромаштија, болест и втората смрт, а благословите на Авраам се наши! (Видете Галатите 3:14 и првата половина од 28-то поглавје од Повторени закони). Владеењето на сатаната над нас како нови созданија во Христос е завршено. Исус е нашиот Господ!

**1 Петар 2:24**

„Тој сам ги носеше нашите гревови на

крстот во телото Свое, та ослободени од гревовите да живееме за правдата: ‘Преку Неговите рани се исцеливте’“.

Исповед: *Преку неговите рани ние сме исцелени! Божјото Слово ни кажува дека пред 2.000 години бевме исцелени преку Христовите рани.*

Петар гледајќи назад кон жртвата на Голгота рекол, „Преку Неговите рани се исцеливте“. Не вели, „Ќе бидете исцелени“, туку дека веќе бевте исцелени. Бог се сеќава кога ги положи на Исус не само беззаконијата и гревовите на сите нас, туку и нашите болести и слабости. Исус се сеќава дека ги понел на Себе за нас. Затоа, Светиот Дух го инспирирал Петар да напише, „*Преку Неговите рани се исцеливте*“. Ова ни припаѓа нам затоа што сме во Христос. Тој го снабдил тоа за нас. Исповедајте дека Христос е вашето откупување. Исповедајте дека сте откупени. Исповедајте дека сатаната нема повеќе власт над вас, и држете се цврсто за таа

исповед. Избавени сте од царството на темнината. Не дозволувајте му на сатаната да владее над вас. Не ја прифаќајте болеста, отфрлете ја.

**РИМЈАНИТЕ 8:2**

„Зашто законот на Духот, кој дава живот во ХРИСТОС ИСУС, ме ослободи од законот на гревот и на смртта“.

Исповед: *Законот на животот во Христос Исус ме ослободи од законот на гревот и смртта.*

Д-р Џон Г. Лејк бил мисионер во Африка многу години пред модерното движење наречено *Целосно евангелие*. Во областа каде што бил тој избувнала смртоносната бубонска чума од која починале стотици луѓе. Тој се грижел за болните и ги закопувал мртвите. Конечно, Британците испратиле брод со резерви и лекари. Лекарите го повикале Лејк да дојде на бродот и го прашале, „Што користеше за да се заштитиш?“

„Господа“, одговорил Лејк, „верувам дека законот на Духот на животот во Христос Исус ме ослободи од законот на гревот и смртта. И сè додека чекорам во светлината на тој закон на животот, ниеден микроб нема да ми се закачи“.

„Зарем не мислите дека е подобро да ги користите нашите превентивни средства?“ реагирал докторот.

„Не“, одговорил Лејк, „но докторе, можеби ќе сакате да направите еден експеримент со мене. Ако појдете кај некој од тие мртви луѓе и земете од пената што излегува од нивните бели дробови по смртта, а потоа ја ставите под микроскоп ќе видите многу живи бактерии. Ќе забележите дека тие се живи одреден период по смртта на човекот. Можете да ми ја наполните раката со тие бактерии, а јас ќе ставам под микроскоп, и наместо овие бактерии да останат живи, тие веднаш ќе умрат“.

Лекарите се согласиле. Тие го извршиле

експериментот и се случило токму така. Кога тие изразиле чудење на сето тоа, Лејк им рекол, „Тоа е законот на Духот на животот во Хрисос Исус“.

**ЈАКОВ 4:7**

„Па затоа, покорете му се на Бога; а противете се на ѓаволот, и тој ќе побегне од вас“.

Зборот **вас** е предметот што се подразбира во оваа реченица. Вие му се спротивставувате на ѓаволот и тој ќе побегне од вас. Ќе бега од вас во ужас. Бог веќе направи сѐ што треба да биде направено во врска за тоа. Тој го испрати Исус и Исус го победи ѓаволот. Исус го победи за вас. И сега останува на вас да направите нешто околу тоа. Впрочем, *можете да направите нешто затоа што сте „во Него“.* Но, ѓаволот не се плаши толку од вас како поединци. Но, кога ќе дознаете кои се вашите права и привилегии во Христос, кога ќе дознаете дека името на Исус ви припаѓа вам, кога

тој знае дека сте научиле што прави тоа Име, тогаш тој ќе бега од вас во ужас.

**1 ЈОВАН 4:4**

„Вие сте, чеда, од Бога и нив сте ги победиле; зашто Оној, Кој е во вас, е поголем од оној што е во светот“.

Исповед: *Бидејќи сум во Христос, во мене живее Поголемиот. Тој е поголем од ѓаволот. Поголем од болеста. Поголем од околностите. И Тој живее во мене!*

Не само што сме родени од Бог и сме соучесници во Неговата љубов, туку во нас живее Духот на Оној кој го воскресна Исус од мртвите. Можеби се соочувате со некој проблем кој изгледа невозможен. Наместо да зборувате за тоа колку е невозможно, погледнете го Оној кој е во вас и кажете, „Бог е во мене сега“. Вашето исповедање на верата ќе направи Тој да дејствува за ваше добро. Тој ќе се издигне во вас и ќе ви даде успех. Господарот на созданието е во вас.

## РИМЈАНИТЕ 8:37

„Но во сето тоа стануваме повеќе од победници преку Оној Кој нè возљуби“.

Исповед: *Јас сум победник!*

Ако Божјото Слово само ни кажеше дека сме победници, тоа би било доволно, но ни кажува дека сме повеќе од победници преку Него. Наместо да кажете, „Поразен сум“, станете и кажете што вели Библијата за вас. Кажете, „Јас сум победник!“ Можеби не ви се чини дека сте победници, но вашата исповед за тоа, поради она што го гледате во Божјото Слово, ќе создаде таква реалност во вашиот живот. Порано или подоцна ќе станете она што го исповедате. Нема да се плашите од никакви околности. Нема да се плашите од никаква болест. Нема да се плашите од никакви услови. Ќе се соочите со животот бестрашно, како победник!

## ФИЛИПЈАНИТЕ 4:13

„Сè можам ПРЕКУ ХРИСТОС, Кој ме крепи“.

Исповед: *Преку Христос, мојот Господ, можам да направам сè. Тој ме крепи. Не можам да бидам освоен. Не можам да бидам поразен. Можам да правам сè преку Него.*

Телото и природното човечко расудување би ги ограничиле нашите способности. Ги гледаме околностите, проблемите, испитувањата и бурите и велиме дека не можеме. Јазикот на сомнежот, телото и сетилата е, „Не можам. Не сум способен, немам можност или сила. Јас сум ограничен“. Но, јазикот на верата вели, „Сè можам да правам преку Христос, Кој ме крепи“. Божјата сила е наша. Ние не веруваме во нашите сили; Библијата не кажува ништо за тоа дека сме силни во себеси. Таа вели дека Бог е нашата сила.

**ГАЛАТИТЕ 2:20**

„Јас веќе не живеам, туку Христос живее во мене. А тоа што сега живеам во тело, живеам со верата во Синот Божји, Кој ме возљуби и Себе се предаде за мене“.

Исповед: *Јас сум распнат со Христос. Не треба да се обидувам да го направам тоа. Јас сум распнат со Христос. Сепак, живеам! И Христос живее во мене!*

**КОЛОШАНИТЕ 1:26-27**

„Тајната, скриена од векови и родови, а сега откриена на Неговите светии. На кои Бог посака да им покаже какво богатство на слава има во таа тајна за незнабошците, односно дека Христос, надежта на славата, е во нас“.

Христос живее во мене!

**ЕФЕШАНИТЕ 2:1, 4-6**

„И вас, кои бевте мртви поради вашите престапи и гревови... Но Бог, Кој е богат со милост, поради големата Негова љубов, со која нè засака. Иако бевме мртви поради гревовите наши, нè оживеа во Христос. И нè воскресна со Него и нè постави на небесата во Христос Исус“.

Исповед: *Јас бев распнат со Христос. Кога Тој беше воскреснат и оживеан и јас*

*бев оживеан со Него. Воскреснав заедно со Него и поставен сум да седам заедно со Него на небесните места. Денес, позиционирано, седам со Христос на небесните места.*

**ФИЛИПЈАНИТЕ 4:19**

„Мојот Бог, по Своето богатство, нека ја исполни секоја ваша потреба, за слава преку Христос Исус“.

Исповед: *Сите мои потреби се снабдени!*

**ЕФЕШАНИТЕ 1:3**

„Нека биде благословен Бог и Отецот на нашиот Господ Исус Христос, Кој нè благослови со секаков духовен благослов од небесата ВО ХРИСТОС“.

Забележете дека не кажува дека Тој *ќе* нè благослови со нешто, туку дека Тој веќе нè благословил! Тоа значи дека во Христос Исус, од вашето новораѓање времето, па сè додека не преминете во вечноста, Тој веќе снабдил сè за вас. Сè што ви треба, Тој веќе ви го дал. Тоа е ваше. За Бог, тоа

е веќе ваше. Пронајдете ги сите Негови благослови за Неговите деца во Неговото Слово и дозволете да станат реалност во вашиот живот во Христос за слава на Бог Таткото!

# ВО НЕГО

Дела 17:18   2 Коринќаните 1:20
Ефешаните 1:10
Јован 1:4   2 Коринќаните 5:21
Филипјаните 3:9
Јован 3:15-16   Ефешаните 1:4
Колошаните 2:6

# НОВАТА РЕАЛНОСТ ВО НЕГО

Колошаните 2:7   1 Јован 2:27   1 Јован 3:24
Колошаните 2:10   1 Јован 2:28   1 Јован 4:13
1 Јован 2:5  1 Јован 3:3   1 Јован 5:14-15
1 Јован 2:6   1 Јован 3:5   1 Јован 5:20
1 Јован 2:8   1 Јован 3:6

# ВО ВОЗЉУБЕНИОТ

Ефешаните 1:6

## ВО ГОСПОД

Ефешаните 5:8   Ефешаните 6:10

## ВО КОГО

Ефешаните 1:7   Ефешаните 2:21
Колошаните 1:14
Ефешаните 1:11   Ефешаните 2:22
Колошаните 2:3
Ефешаните 1:13   Ефешаните 3:12
Колошаните 2:11
1 Петар 1:8

## ПРЕКУ ХРИСТОС

Римјаните 3:22   1 Коринќаните 1:4
Филипјаните 1:11
Римјаните 5:15   2 Коринќаните 5:18
Филипјаните 4:19
Римјаните 5:17-19   Галатите 2:16   1 Петар 1:3
Римјаните 7:4    Ефешаните 1:5   1 Петар 2:5
1 Петар 5:10

## ПРЕКУ НЕГО

1 Коринќаните 1:5   Колошаните 1:17
Евреите 7:25
1 Коринќаните 8:6   Колошаните 1:20
Евреите 13:15
Колошаните 1:16   Колошаните 3:17   1
Петар 1:21

## ПРЕКУ СЕБЕ

Евреите 1:3   Евреите 9:26

## ПРЕКУ  НЕГОВАТА КРВ

Евреите 9:11-12  Евреите 10:19-20   1
Јован 1:7
Евреите 9:14-15

## ПРЕКУ КОГО

Римјаните 5:2   Римјаните 5:11   Галатите
6:14

## ОД КОГО

Ефешаните 4:16   Колошаните 2:19

## ОД ХРИСТОС

2 Коринќаните 2:15 Колошаните 2:17
Колошаните 3:24
Филипјаните 3:12

## ОД НЕГО

1 Јован 1:5 1 Јован 2:27

## ПРЕКУ ХРИСТОС

Римјаните 5:1 1 Коринќаните 15:57
Филипјаните 4-6-7
Римјаните 5:11 Галатите 3:13-14
Филипјаните 4:13
Римјаните 6:11 Галатите 4:7 Евреите 10:10
Римјаните 6:23 Ефешаните 2:7 Евреите 13:20-21

## ПРЕКУ НЕГО

Римјаните 6:8 Ефешаните 2:5 Колошаните 3:1
Галатјаните 2:20 Колошаните 2:20 Колошаните 3:3

## СО НЕГО

Римјаните 6:4   Римјаните 8:23
Колошаните 2:13-15
Римјаните 6:6   2 Коринќаните 13:4
Колошаните 3:4
Римјаните 6:8   Колошаните 2:12   2
Тимотеј 2:11-12

## ПРЕКУ МЕНЕ

Јован 6:57   Јован 14:6

## ВО МЕНЕ

Јован 6:56   Јован 15:4-5   Јован 16:33
Јован 14:20   Јован 15.7-8

## ВО МОЈАТА ЉУБОВ

Јован 15:9

## ВО НЕГОВОТО ИМЕ

Матеј 18:20   Јован 14:13-14   1
Коринќаните 6:11
Марко 16:17-18   Јован 16:23-24

Следните стихови не ги користат конкретните фрази ВО НЕГО, во Кого и така натаму, туку ја пренесуваат пораката за тоа кој сте вие или што сте или што имате ПОРАДИ ХРИСТОС. (Само делумен список.)

Матеј 8:17   Марко 1:8   Јован 6:40
Матеј 11:28-30   Марко 9:23   Јован 10:10
Матеј 18:11   Марко 11:23-24   Јован 14:12
Матеј 18:18-20   Лука 10:19   Јован 14:23
Матеј 28:18-20   Јован 4:14   Јован 17:23
Галатите 3:29   Евреите 7:19,20   1 Петар 5:7
Галатите 5:1   Евреите 8:6   1 Јован 1:9
Филипјаните 2:5   Евреите 9:24   1 Јован 2:1
Филипјаните 2:13   Евреите 9:28   1 Јован 3:2
Колошаните 1:13   Евреите 10:14   1 Јован 3:14
Колошаните 1:26-27   Евреите 13:5-6   1 Јован 4:4
Тит 2:14   Евреите 13:8   1 Јован 4:10

Тит 3:7   Јаков 4:7   1 Јован 4:15
Евреите 2:9-11   1 Петар 2:9   1 Јован 5:1, 4-5
Евреите 2:14-15   1 Петар 2:21   1 Јован 5:11-12
Евреите 2:18   1 Петар 3:18   Откровение 1:5-6
Евреите 4:14-16